П О К Р О В И Т Е Л

ПРОФ. ДР. БРАНКО ТРПЕНОВСКИ

РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ОДБОР ЗА ПРОСЛАВА

ПРЕДСЕДАТЕЛ

Уметнички директор на "ВАРДАР ФИЛМ" и председател на друштвото на филмските работници на Југославија,

ФИЛМСКИ РЕЖИСЕР

КИРИЛ ЦЕНЕВСКИ

==================================================

Томе Петрушевски, Бранко Дончевски, проф. др. Бранко Трпеновски, Насте Стојкоски, Бранко Зафировски, Никола Лазаревски, Крсте Марковски, Александар Ѓурчинов, Живко Поповски, Зоран Данаиловиќ, Божидар Тодоровски - Бодле, Миле Гроздановски, Слободан Костиќ, Тихомир Бачовски, Мишо Самоиловски, Илинка Петрушевска, Томе Петровски, Георги Базбокилос, Делчо Михајлов, Ацо Петровски, проректор Крум Томовски, проректор Славица Фиданова, Трајан Бендевски, Васил Тоциновски, Румен Ќамилов, Боро Каранфилски, Д. Талевски, Дејан Вучковиќ, Бранко Ристовски, Душко Дејановски, Слободан Петровиќ , Ламбе Михајловски, Стево Црвенковски, Анте Поповски, Кирил Талевски, Димитар Османли, Кузман Кузмановски, Коста Крпач,Викентија Ѓорѓевски, Мице Јанкулоски, Блаже Миновски, Благоја Куновски, Ѓорѓи Василевски, Вељо Крстевски, Драган Шуплевски, Милан Поповски, Боро Пејчинов, Владо Урошевиќ, Илија Аврамовски,Тосум Пахуми.

==================================================

На основа на заклучокот од минатата седница на Управниот одбор на Академски кино клуб, членовите, овластени на седницата имаат чест да ја предложат следната

## П Р О Г Р А М А
### за одбележување на дваесет годишнината на Академскиот кино клуб

=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=

Во 1959 година, меѓу другото, е забележано и формирањето на Академскиот кино клуб од Скопје, прв аматерски кино клуб во Македонија, а меѓу првите во Југославија, со задача да ја шири филмската култура и филмскиот аматеризам во својата средина. Во овој период клубот има голем удел во развитокот на филмскиот аматеризам и воопшто на филмската уметност, не само во Скопје туку и во Македонија, а со тоа и во Југославија. Од редовите на Академскиот кино клуб произлегле низа, денес познати и признати, филмски и општественополитички работници. Оваа програма е донесена за да се одбележи овој редок јубилеј на Академскиот кино клуб.

=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=-=

16.05.1979 година

РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ПРОФ. ДР. БРАНКО ТРПЕНОВСКИ ЌЕ ПРИРЕДИ ПРИЕМ-КОКТЕЛ ЗА ГОСТИТЕ И УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОСЛАВАТА

17.05.1979 година во $19^{30}$ часот

СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА

- Уводен збор: представник на Академски кино клуб
- Аматреският филм во Македонија
- Соработка на аматерските кино клубови од Југославија
- Активноста на Академскиот кино клуб
- Доделувања на награди и признанија на заслужни членови и организации

18.05.1979 година во $18^{30}$ часот

ПРВ ДЕН НА ФЕСТИВАЛОТ

- Свечено отварање на фестивалот
- Филм за Тито
- Филмови во официјална конкуренција /$19^{30}$ /

19.05.1979 година во $19^{30}$ часот

ВТОР ДЕН НА ФЕСТИВАЛОТ

- Проекција на филмови во официјална конкуренција
- Доделување на награди и признанија за најдобрите филмови
- Разговор

20.05.1979 година

$10^{30}$ часот - конференција за печатот

20 часот - другарска вечер

АКАДЕМСКИ КИНО-КЛУБ Скопје
ул. Пиринска бб Барака 9 П.Ф. 71
91000 СКОПЈЕ
Број ..............................
Дата ..............................

СЕДМИ ОПШТЕЈУГОСЛОВЕНСКИ СТУДЕНТСКИ ФЕСТИВАЛ НА АМАТЕРСКИОТ ФИЛМ

" АКАДЕМСКИ КИНО КЛУБ " ОД СКОПЈЕ ПОШТ. ФАХ. 71

# П Р О П О З И Ц И И

I

VII-от ОСФАФ (ОПШТОЈУГОСЛОВЕНСКИ СТУДЕНТСКИ ФЕСТИВАЛ НА АМАТЕРС-КИ ФИЛМ) ќе се одржи во Скопје на 18 и 19 мај 1979 година. Организаторот на фестивалот е "АКАДЕМСКИ КИНО КЛУБ" од Скопје.

II- УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

1. Право на учество имаат сите филмски аматери, без оглед на тоа дали се членови на кино клубови или се самостојни автори,граѓани на СФРЈ.

2. Нема да се земаат во предвид филмовите кои што учествуваа на еден од досегашниве ОСФАФ-и.

3. На фестивалот ќе се примаат филмови снимени на филмска лента од: 16мм, Супер 8, и Нормал 8. За 16мм, брзина на проекцијата треба да биде 24сл/сек. За Супер 8 и Нормал 8 брзина на проекцијата треба да биде 18сл/сек или 24сл/сек.

4. Филмови можат да бидат озвучени на магнетофонска лента, со магнетотон или со светлотон.

5. Уз секој филм обавезно да се достави пријава.

III- П Р И Ј А В И

1. Секој учесник на фестивалот треба читко да ја пополни пријавата, да го спакува филмот во посебна кутија со пропишаната должина на бланк на почетокот на филмот. На магнетофонската лента звучно да биде најавен стартот на филмот.

2. Веднаш на пристигнувањето на филмот ќе се изврши техничка контрола на филмот. Технички неисправни филмови нема да се земаат во преддвид за жирирањето.

3. СЕкој автор или кино клуб може да испрати неограничен број на филмови.

4. Авторите чии што филмови се на други фестивали а сакаат со нив да учествуваат на VII ОСФАФ нека ни испратат пријава, На организаторот на фестивалот каде што се наоѓа филмот нека испратат обавестување за да може нашиот претставник да го преземе филмот.

5. Крајниот рок за испраќање на филмовите со пријавите е 10-V--1979 година. Крајниот рок за испраќање на пријавите за филмовите кои што се на некој друг фестивал е 4-V-1979 година.

6. Филмовите ќе бидат вратени најдоцна 10 дена по фестивалот. Авторите кои што сакаат филмовите да им бидат испратени на следниот фестивал на аматерски филм, нека напоменат на пријавата.

## IV- Ж И Р И Р А Њ Е

1. За награди рамноправно учествуваат филмовите во црно-бела или во боја.

2. Сите технички исправни филмови ќе ги прегледа стручно жириво состав од пет или седум члена. Жирито ќе ја состави фестивалската листа на филмовите кои што ќе бидат прикажани на фестивалот. Жирито ќе ги подели наградите.

3. Филмовите ќе бидат поделени во три категории и тоа: документарен игран, експериментален и анимиран филм. Жирито ќе додели прва, втора и трета награда за секоја категорија. Исто така ќе бидат доделени и авторските награди за најдобра идеа, сценарио, камера, монтажа, режија и анимација и специјални дипломи.

4. Одлуките на жирито се конечни и неопозиви.

5. Жирито ќе работи по правилникот на Кино Сојузот на Југославија.

## V- Д И П Л О М И   И   Н А Г Р А Д И

1. Сите клубови чии што филмови ќе бидат прикажани на фестивалот ќе добијат диплома за учество во официјална проекција.

2. Сите прикажани филмови ќе добијат диплома за учество во официјална проекција.

3. Ќе бидат доделени прва, втора, и трета награда за пропишани те категории во вид на диплома и плакета. Доколку се обезбедат сретства можни се и парични награди.

4. Ќе бидат доделени и авторски награди за најдобра идеа,сценарио,монтажа,камера,режија и анимација.

5. Жирито има право да додели неколку специјални дипломи доколку дојде до тоа дека има потреба.

6. На фестивалот ќе се додели златна плакета,за најдобра клубска селекција и за најдобар филм на фестивалот во сите категории.

## VI. З А В Р Ш Н И   О Д Р Е Д Б И

1. Филмовите ќе бидат прикажани само во оквир на фестивалот со супер квалитетни проектори.

2. Филмовите ќе бидат вратени на адресата која што е напишана на пријавата,најдоцна десет дена по фестивалот.

3. Организаторот не е во финансиска положба на гостите да им овозможи бесплатен престој и пат.

4. Сите информации во врска со фестивалот можете да ги добиете на долу наведената адреса или на телефон 254-133(позивен број за Скопје 091),секој понеделник,среда , петок и сабота од 18-22 часот.

5. Филмовите да бидат испратени заедно со пријавите на адреса:

" АКАДЕМСКИ КИНО КЛУБ " ОД СКОПЈЕ
91000 - СКОПЈЕ
П.Ф. 71

ОД УПРАВАТА НА АКАДЕМСКИОТ КИНО КЛУБ
ОД СКОПЈЕ

СКОПЈЕ - 1979г.